**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 08.04.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2839 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден надзор, реализиран по службена должност врз основа на сомневање од редовниот надзор од 11 март 2015 година

2. **Субјект на надзорот:** радио програмски сервис на Радиодифузно трговско друштво РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 11 март 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 8 април 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (начела за вршење на дејноста)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор врз радио програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, емитуван на 11 март 2015 година, **е констатирано непочитување на член 61 став 1 алинеи 1, 2 и 8 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот, заштита на човековото достоинство, еднаквост на слободите и правата независно од полот, и зачувување и негување на јазичната култура) во емисијата „Петар за појадок и пауза".

Емисијата „Петар за појадок и пауза" со водителите Петар Ѓошев, Билјана Настеска и Ана Трпеска, се емитува секој работен ден, односно од понеделник до петок, од 9 до 12 часот. Спонзорирана е од операторот ВИП, што е означено и во самата најава на емисијата.

Во изданието од 11.03.2015 година, забележани се повеќе примери за вулгарен говор, од кои ги издвојуваме следните:

09:26:58 до 09:26:59 - „ама пичка е во душа..."

09:28:19 до 09:28:20 - „јебе..."

09:29:22 до 09:29:23 - „ме боли курот..."

11:20:40 до 11:22:14 - „многу би било добро спермата да ви е во боја – така да смислат некои апчиња па виножито да ви се распрска"... „од куро на мажот ништо не расте повеќе..."

Во „Петар за појадок и пауза спонзорирано од ВИП" како стандарден поздрав, водителот Петар Ѓошев ја користи фразата на англиски јазик: „Good morning bitches" (10:42:40), што може да се преведе како „Добро утро кучки/курви", на што Ана и Билјана одговараат: „Good morning Charlie!". Јасно е дека станува збор за реинтерпретација на репликата од филмот „Чарлиевите ангели", која во овој случај добива експлицитно сексистичка димензија.

Во емисијата, како некој вид редовна рубрика претставува читањето објави од Твитер. Поголемиот дел од содржините на одбраните твитови се со ласцивен карактер или сексуални алузии или пак се со експлицитно сексуална содржина. Тоа важи дури и за псевдонимите на авторите. Со оглед на фактот дека Твитер и радиото се два сосема различни медиуми (социјален медиум наспроти масовен медиум) кои имаат свои специфики и начин на дистрибуција, пренесувањето на содржините од Твитер во необработена форма, најчесто е несоодветно за природата на радиото, особено во утринските термини.

По овој блок, комбинирано се читаат и коментираат податоци за стандардите на живеење во повеќе светски градови, што е повод за следниот разговор меѓу водителите: „Русија... многу курви, убави курви" (...) Можеш ли да замислиш колку на курвите им се паднати цените. Еј па ти у Амстердам сеа се за 30 евра у „Ред лајт дистрикт". Поубави биле курвите у Русија него у Амстердам. Добро ти тие што ги гледаш на „Ред лајт дистрикт" се девојчиња за улица, а овие подобрите се од мерцедес у мерцедес. Тие не се за нас сиромаштија."

Од 10:46:39 до 10:50:00 во контекст на „светските градови каде би било препорачливо да се преселите" се интерпретира веста дека во Ирска, поради „дупка во законот", дрогите: екстази, кетамин и меџик машрумс се потполно легални за купување и продавање, при што со коментарите се прави промоција на користењето на дрогите, што е исто така спротивно на принципот наркоманијата да не се прикажува позитивно, со што не би се поттикнувала или охрабрувала злоупотребата на дрогите.

Рубриката: „Маја петел јаваше" – според објаснувањето на водителите треба да претставува: „...зачувување на здраворазумското размислување на македонски јазик, притоа оддавајќи посебен дел или „кутак", „Кутакот на Маја" во кој чуваме стара македонска литература...". Всушност во оваа рубрика се претставени македонски еротски приказни кои ги читаат водителите во емисијата. Конкретно во емисијата од 11.03.2015 година се читаат две еротски народни приказни: „Тројцата калуѓери што излагаа три невести" и „Невестата што погодила кое расти побргу". Формата на јазикот која се користи за името на рубриката „Маја петел јаваше" е всушност со комично - вулгарен ефект со оглед на буквалниот превод на изразот од англиски јазик.

Во емисијата забележливо е користењето на колоквијалниот израз и жаргон или сленг.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 61 став 1 алинеи 1, 2 и 8 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на програмскиот сервис на радио Рос Метрополис-Скопје, на 11 март 2015 година, во повеќе наврати се емитувани вулгарен говор, сексизам и други содржини кои се несоодветни за емитување во утрински период, кога радиодифузерот мора да има предвид дека се достапни за различни категории и возрасти на публика, вклучително и за малолетните лица.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата, согласно Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) (бр.01-3905/1 од 23.07.2014 година) писмено да му укаже на Радиодифузното трговско друштво РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје дека со изданието на емисијата „Петар за појадок и пауза“ од 11.03.2015 година, не ги почитувал начелата за емитување програма.

***Сектор за програмски работи***